НОВА МАКЕДОНИЈА

# Пензионерски видици

ПРИЛОГ ЗА ПЕНЗИОНЕРИ



Година III
број 29
24-25 Мај
2007 год.

Трета седница на Извршниот одбор на СЗПМ

## Пред значајни активности

*- Во првата половина на јуни осум регионални пензионерски спортски натпревари, а 12-те Републички спортски игри на 15 септември на брегот на езерото "Младост" кај Велес.*
*- Четири регионални фолклорни ревии од јуни до септември*

Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија на 14 мај одржа седница, со која раководеше претседателот Душко Шурбановски, при што се донесе одлука годинашнава централна манифестација на 12 Републички пензионерски спортски натпревари да се одржи на 15 септември на спортските терени на брегот на езерото "Младост" кај Велес. Претходно, во првата половина на јуни ќе се одржат осум регионални спортски игри и тоа на 2 јуни на терените на пензионерскиот дом "Аеродром" во Скопје-домаќин Здружението на пензионерите Кисела Вода и кај езерото "Треска"-домаќин Здружението на пензионерите на ОВР-Скопје, а истиот ден регионални натпревари ќе се одржат и во Струга и Богданци, потоа на 5 јуни во Радовиш, на 9 јуни во Куманово и Пехчево и на 16 јуни во Демир Хисар. Натпреварите се одржуваат во девет дисциплини: шах, стрелаштво, пикадо, тегнење јаже, трчање, скок од место, домино, фрлање ѓуле и домино. Најдобрите поединци и екипи ќе се здобијат со право да учествуваат на Републичките спортски натпревари, така што се планира кај езерото "Младост" годинава да учествуваат вкупно околу 700 учесници, од кои 350 натпреварувачи. Во Организациониот одбор беа избрани: Душко Шурбановски, Андон Марковски, Чедо Георгиевски, Златко Петковски и Момчило Марковски.

Извршниот одбор донесе и одлука за одржување на четири регионални ревии на музика, песни и игри во Охрид на 15 јуни, Куманово на 29 јуни, Валандово на 6 јули и Штип во септември, а во Организациониот одбор за овие културни манифестации беа избрани: Душко Шурбановски, Андон Марковски, Чедо Георгиевски, Нурие Кадри и Душан Перески.



Годинава четири регионални фолклорни средби

Опстојна дискусија се водеше и по предложените програми и планови на правно-економскиот совет и на комисиите на Извршниот одбор.

**Во Програмата на Правно-економскиот совет** главен акцент се дава на актуелните состојби во пензионерската асоцијација, за преземање мерки за подобрување на нискиот животен стандард на пензионерите во државата, за што ќе треба да продолжат разговорите со Владата и другите надлежни органи и ќе се подготви аналитички осврт. Ќе се избработи и информација за разграничување на сопственоста на пензионерските домови и друго.

**Комисијата за соработка** ќе се залага за поголема соработка со наши и меѓународни пензионерски и слични асоцијации, како и за воспоставување на подобра соработка со Сојузот на синдикатите на Македонија, со Црвениот крст и други невладини организации.

**Комисијата за здравство** ќе ги поттикнува активностите за подобрување на здравствената заштита на пензионерите, за решавање на проблемот со снабденоста на лекарства од позитивната листа, за решавање на аптекарската и амбулантската мрежа во рурарните средини и слично.

**Комисијата за информирање** во својата програма се залага за еден нов, современ однос и приод кон феноменот за точно и благовремено информирање на пензионерите и јавноста, отворање на ВЕБ страница на СЗПМ, соработка со Редакцијата на емисијата на МТВ "Трета доба", поттикнување на издавање книги и билтени со пензионерска проблематика и друго.

**Програмата на Комисијата за солидарност** главно е насочена за контролирано и безбедносно управување со средствата од Солидарниот фонд, за модерно компјутерско програмирање, воведување месечни извештаи за подобро информирање на раководствата на здруженијата за состојбата со средствата за взаемна солидарност итн.

**Комисиите за културно-забавен живот и за спорт и рекреација** покрај одржување на фолклорните ревии и спортските натпревари на пензионери, планираат и други активности.

Се донесе и заклучок Ориентационата програма за работа на СЗПМ во периодот 2007-2010 година, Програмата на Извршниот одбор за 2007 година и сите програми на комисиите да бидат објавени во пригоднаброшура.

На оваа седница Извршниот одбор го разгледа и барањето за членство на новоформираното Здружение на пензионери во Ѓорче Петров, кое едногласно беше одбиено, поради актите на СЗПМ кои дозволуваат од подрачјето на една општина во членство да може да биде само едно здружение.

**Д. Аргировски**

Согледувања

## Унапредување на односите на граѓанскиот сектор и Владата на Република Македонија

Владата на РМ, во стариот состав, усвои концепт **на стратегија за соработка со граѓанскиот сектор**, кој го претстави пред претставниците на невладините организации, на 13 јуни 2006 год. Стратегијата за соработка требаше да ја развие и унапреди соработката на Владата со граѓанскиот сектор. Унапредувањето на соработката меѓу Владата и граѓанскиот сектор требаше да придонесе за градење на меѓусебни **партнерски односи**.

На 24 април 2007година, во организација на **македонскиот центар за меѓународна соработка** се одржа трибина за "**иднината на односите на граѓанскиот сектор и Владата во светлина на стратегијата за соработка со граѓанскиот сектор**". Едновремено беше претставен "**акциски план за спроведување на стратегијата за соработка со граѓанскиот сектор**".

Акцискиот план предвидува иновација на Законот за здруженијата на граѓаните и фондации, за подобрување на условите за основање и функционирање на граѓанските организации и усвојување на подзаконски акт за спроведување на измената на Законот за здруженијата на граѓаните и фондациите. Се предвидува и изменување и дополнувањена Деловникот на Владата и воведување на механизми кои ќе овозможат информирање и активно учество на претставници на граѓанските организации во донесување на политики, закони и други одлуки, преку јавни дискусии и поднесување на мислења. Во склопот на измена и дополнување на овие акти на Владата со Акцискиот план, се предвидува усвојување и измена на правните акти за работа на Владата за учество на граѓанските организации во работата на **стручните совети** на Владата (Правниот и Економскиот совет) и измена и дополнување на Спогодбата за формирање на Правниот и Економскиот совет.

Понатаму, со Акцискиот план се предвидува создавање на механизми за соработка меѓу министерствата и граѓанските организации во спроведување на услуги (пример лиценцирање). Исто така се предвидува и изменување на даночните закони (на добивка, ДДВ, на имот, на персонален данок) и измена на Законот за книговодство на непрофитните организации. Измената на овој Закон ќе придонесе да се ослободат граѓанските организации од плаќање на овие даноци, особено здруженијата на пензионерите, кои по сегашните прописи ги плаќаат сите овие даноци на приходите остварени од членарината на своите членови. Се предвидува изменување на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности што ќе придонесе за зголемување на интересот и јакнење на филантропството меѓу претприемачите на Македонија.

Со акцискиот план се предвидува и донесување на Закон за волонтерство, како и воспоставување на механизам за консултации на граѓанските организации. Во нив спаѓаат и здруженијата на пензионерите, во кои членуваат над 270.000 корисници на пензија.

Здруженијата на пензионерите, здружени во Сојзот на здруженијата на пензионерите со над 220 илјади членови, оваа година организираат одржување на пензионерските спортски натпревари XII по ред и регионални ревии на музика, песна и игра на пензионерите финансирано исклучиво од членарината на пензионерите.

Со акцискиот план се предвидува воспоставување на механизам за поактивно учество на граѓанските асоцијации во оперативните тимови за програмирање на петте компоненти од инструментот ИПА. Со овој документ се предвидува создавање на претпоставки за градење на капацитетите на одделението за соработка со невладините организации како и на одговорните државни службеници за соработка со граѓанските организации. Се предвидува и градење на систем за размена на информации, искуства како и консултации меѓу Одделението за оработка со невладините организации и одговорните државни службеници. Сите овие и другите програмирани нормативни претпоставки ќе придонесат за изградба и јакнење на партнерски однос меѓу Владата и граѓанските организации.

Пензионерската организација очекува со овие мерки на Владата, поцелсно да ја остварува целта за која се здружуваат пензионерите во пензионерската асоцијација. Пензионерите сметаат дека и пред донесување на овие нормативни акти за создавање на партнерски односи, Владата и нејзините органи треба да ги вклучат претставниците на пензионерската асоцијација во законското нормирање на системот на сервисирање на средствата од пензиите за солидарните фондови на здруженијата на пензионерите, кои служат за финансиска поддршка на семејствата на починат пензионер. Овој систем функционира од 1993 година и пензионерите не гледаат причина за неговото менување.

До Собранието на Македонија СЗПМ има поднесено, во изминативе неколку години, повеќе иницијативи за изменување на Законот за пензиското и инвалидско осигурувае за подобрување на нивниот статус и за заштита и унапредување на правата од пензиското и инвалидското осигурување. Во почетокот на оваа година поднесена е иницијатива за промена на системот на усогласувае (индексација) на пензиите кој силно влијае врз осиромашувањето на корисниците на пензија. Денес, просечната пензија изнесува 53% од просечната плата, а во 1992 година изнесуваше 78%.

**Душко Шурбановски**

Од работата на Управниот одбор на Фондот на ПИОМ

## Приоритетни програмски задачи

Управниот одбор на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија на седницата одржана на 14 април 2007 година, меѓудругото ја разгледа и донесе Програмата за работа на Управниот одбор на Фондот, во која се зацртани сите поважни и актуелни задачи, кон кои тој ќе ја насочи својата активност во 2007 година.

Основните задачи што произлегуваат од дејноста на Фондот, содржани во оваа Програма, се базираат на Законот за пензиското и инвалидското осигурување, Статутот и другите закони, кои се од влијание во спроведувањето на пензиското и инвалидското осигурување.

Во оваа година, посебно место и значење ќе имаат прашањата од наплатата на придонесите од аспект на спроведувањето на новиот процес за наплата на придонесите од страна на Фондот, извршувањето на присилната наплата на придонесот, матичната евиденција од аспект на обезбедување целосна ажурност на податоците за обврзниците и осигурениците, финансиското работење, остварувањето на правата од пензиското и инвалидското осигурување, спроведувањето на меѓународните договори за социјално осигурување, а особено прашањата во врска со спроведувањето на административната реформа за натамошно подобрување на вкупното работење на Фондот.

Поконкретно, приоритетна функција и задача на Фондот и во 2007 година ќе биде обезбедување на средствата, пред се заради редовна исплата на пензиите во воспоставените рокови. Во таа насока, во Програмата, предвидени се повеќе задачи за континуирано и доследно следење на остварувањето на планираните приходи и расходи на Фондот , односно за поефикасна наплата на придонесите, кои се основен прилив на средствата на Фондот.

Посебен акцент во 2007 година е ставен на активностите во врска со целосното имплементирање на процесот за собирање, контрола, наплата и распределба на придонесите меѓу државниот и приватните пензиски фондови. Исто така, на подобрување на непосредната контрола во документацијата кај обврзниците и присилната наплата на придонесот, како и обезбедување точни и комплетни бази податоци за осигурениците и обврзниците за плаќање на придонесот и корисниците на правата од пензиското и инвалидското осигурување.

Покрај ова, активностите на Фондот ќе бидат насочени и на актуарските проекции, кои се користат за реализација на целите на реформите во пензискиот систем, како и следење на тековното работење на Фондот, реализирање на средствата по основ на продажбата на акциите и уделите на Фондот, остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување, следење на остварувањето на меѓународните договори и меѓународните спогодби, од областа на стажот на осигурување што се смета со зголемено траење, од доменот на општествениот стандард на корисниците на пензија и друго.



Во контекст на ова, со Програмата се предвидува унапредување на информацискиот систем како техничка поддршка во спроведувањето на постојните и новите задачи што произлегуваат од реформираниот пензиски систем.

**Анастасија Нелковска**

ВО ПОСЕТА НА... Здружението на пензионерите “Гази Баба” – Скопје

# Работи во континуитет и транспарентност

Кога деновиве го посетивме седиштето на здружението на пензионерите на “Гази Баба“ кај Домот на пензионерите во Автокоамнда


Душан Пересќи


На отворањето на Клубот на пензионери во Трубарево

беше мошне живо, бидејќи се одвиваа спортски натпревари на кои учествуваа претставници од повеќе ограноци, а победниците се стекнаа со право за учество на регионалните спортски игри.

- Спортските натпревари се најмасовни активности на пензионерите вели претседателот на Извршниот одбор на Здружението **Душан Пересќи**, и дека очекува успеси во континуитет со оглед на тоа што во 2003, 2004 и 2006 година го освојуваа преодниот пехар на скопскиот регион како најдобро здружение, а женската екипа во тегнење јаже минатата година го освои првото место на Републичките пензионерски спортски натпрвари “Крани 2006“.

Во таква атмосфера го започнавме и разговорот за организационата поставеност на здружението, за транспарентност што овозможува имплементирање на иницијативите и потребите на пензионерите. Во врска со ова Пересќи беше дециден: “Бидејќи четиригодишниот мандат на стариот состав завршуваше на 15 октомври 2006 година, Собранието на Здружението на предлог на Извршниот одбор, што на јавна дискусија го прифатија ограноците, донесе одлука за продолжување на мандатот за над четири месеци, за да може при крајот на февруари 2007 година да се усвои завршната сметка и со чисти сеопфатни финасиски согледувања да започне делувањето на новиот четиригодишен мандат. Во врска со ова беа извршени и измени во статутот на Здружението, што беа едногласно усвоени“.

При крај на февруари годинава беше усвоена завршната сметка со позитивно салдо, а веќе на 1 март се одржа и конститутивната седница на Собранието на Здружението на пензионерите “Гази Баба“ на која за нов собранискi претседател беше избран **Вукашин Спасовски.** Завршната сметка и Извештајот за работата и активноста на органите и телата на здружението за мандатниот период ги усвои стариот состав на Собранието, а бидејќи беше отпечатен во Информативниот билтен Извештајот беше доставен и до новите членови на Собранието за да може активностите да продолжат во континуитет. На конститутивната седница на новото Собрание беше извршен избор за нов Извршен одбор, а за претседател повторно беше избран Душан Пересќи, додека останатите десет членови добија свои ресори за кои ќе одговараат во наредните четири години, што се покажа како добра практика.


Вукашин Спасовски

- Моето неколкугодишно искуство во пензионерската организација секако ќе придонесе за натамошно домаќинско работење, за единство во активностите и остварување на програмските задачи, бидејќи Собранието усвои Ориентациона програма за работа во периодот 2007-2011 година, нагласи Вукашин Спасовски.

Во Здружението на пензионерите во “Гази Баба“ се евидентирани 12.300 членови, меѓу кои и 1.312 сопружници на пензионери кои уплаќаат 50 отсто за Солидарен фонд и 20 денари за членарина, а се третирани како рамноправни членови. Во Здружението успешно функционираат 11 ограноци, од кои во “Железара“, “Автокоманда“, “Јане Сандански“, “М.А Ченто“, “Маџари“, “Трубарево“, “Илинден“ и “Бујковци“ има Клубови и простории за работа и активности, а со локалната самоуправа се прават напори вакви услови да се добијат и во ограноците во Петровец, Арачиново и Марино. За пофалба е што ова здружение има најмногу Клубови за дневен престој на пензионери од сите членки на Градскиот сојуз на здруженија на пензионери во Скопје. Месечно во осумтте клубои претстојуваат околу 3.500 пензионери, при што имаат можност да се дружат, да разменат мислења, да бидат информирани, да читаат дневен печат и “Пензионерски видици“, да играат шах, домино, карти и заеднички да го минуваат и организираат своето слободно време. Се организираат екскурзии, посети на историски места,цркви, манастири и природни реткости.


Членови на Извршниот одбор


Актив на жени пензионерки

- Посебна ангажираност во тоа има Активот на жените пензионерки при Здруженеито. Впрочем, меѓу пензионерките владее големо интересирање за дружење, за излети, пролетта ги посетивме Штип, манастирот во Дељадровце, Тетово, се организираат хуманитарни акции, едукативни предавања, соработка со сите Активи на пензионерки во нашата земја. Активни сме и во Културно-уметничкото друштво “Пензионер“ со кое настапувавме на сите досегашни фолклорни ревии на пензионерите, а незаборавни ќе ни останат настапите и во домовите за стари лица во Злокуќани и Орешани, како и пред пензионерите во ограноците во Марино, Бујковци и во “Ченто“, нагласи претседателката на Активот **Марија Илијевска.**


Најдобри на републичките спортски игри

-За годинава главна цел е да продолжи широката дејност на Здружението, додаде претседателот на Извршниот одбор Душан Пересќи, а нагласка ќе се даде и на нови активности на хуманитарно и социјално заштитни дејности, со помош за бањско и климатско лекување на пензионери со ниски пензии, и за извесна партиципација за поскапи лекови и слично. Ќе продолжи и заедничката активност на соработка со збратимените здруженија од Куманово и Струмица, како и со други пензионерски здруженија во нашата земја и со невладини организации.

За одбележување е и тоа што деновиве во Клубот во Автокоманда за прв пат меѓу пензионерите беше претставено делото на Крсте Петков Мисирков од Фондацијата Рамковски, што беше поздравено со восхит од 130 членови. Салата беше мала да ги прими сите заинтересирани пензионери, поради што со


Марија Илијевска

локалната смаоуправа се прават напори за адаптација на поголем простор за овие намени.

Во Здружението на пензионерите на скопска “Гази Баба“ се надеваат дека и вакви те зафати ќе придонесат за натамошни успеси, а во интерес на пензионерите.

**Драги Аргировски**

Струмица

# Збогатена активност

Во Здружението на пензионерите во Струмица програмските активности за годинава успешно се реализираат. Своите планирани активности за првите месеци од 2007 година, според календарот, во целост ги остварува и Комисијата за културно-забавен живот. За одбележување е културно-забавната програма по повод Струмичкиот карневал и Тримерските вечери, на кои покрај пензионери присуствуваа и граѓаните од Струмица и регионот.

По повод 8 март, Денот на жените, новоформираниот хор и етно групата при Здружението на пензионерите во Струмица и пејачката група “Стремеж“ со пригодна програма настапија во Домот на пензионерите “Спиро Захов“ во с.Банско. При тоа за прв пат беше промовирана химната на пензионерите, на текст на **Живко Заев** и музика **Илија Ѓорѓиев**. Химната на пензионерите е снимена на ЦД со тираж од 100 примероци.

Културно-уметничка програма се одржа и по повод 4 мај посветена на Гоце Делчев, великанот на македонската нација и за Ѓурѓовденските празници, со обичаи и традиции на македонскиот народ.

Ваквата активност на Комисијата за Културно-забавен живот ја поздравуваат сите пензионери од Струмица и значат успешна подготовка за престојните регионални фолклорни средби-потенцираа претседателот на Собранието на Здружението **Петар Китанов** и претседател на Извршниот одбор **Петар Милановиќ.**

**Ж.З.**




## Химна на пензионерите

Сите сме исти
со иста желба
градевме иднина
за генерации идни.

Пензионерки, пензионери
Сите сме солидарни
Со пензиите наши
За животи наши

Со исти желби
да живееме чесно
во спомен
на нашите деца

Рефрен: Пензионерки,
пензионери...

Пензиите наши
Сите ги сакаат
чедата наши
ни возвраќаат чесно.

## ВО ПОСЕТА НА ...

Здружението на пензионерите во Виница

# Нови зафати во дејствувањето

Во Здружението на пензионерите во Виница членуваат над 2.300 пензионери, мал, но значаен потенцијал, пред кој претстојат повеќе активности. Тоа беше констатирано и во изборните активности во текот на октомври минатата година, како и на Собранието на здружението, што неодамна се одржа во Пензионерскиот дом.

- Во изминатите неколку месеци, реализирајќи ги програмските задачи, се остварува поголема динамика во активностите на виничките пензионери, потенцира новиот претседател на Здружението на пензионерите во Виница **Младен Петров.** Како илустрација на тоа тој ги посочи организираниот заеднички дочек на пензионерите на Новата 2007 година, свеченото одбележување на Денот на жените 8 март и мошне добро организираната манифестација "Томина недела", на која присуствуваа околу 600 пензионерки од сите краеви на Република Македонија. Не изостанува и збогатена соработка со здруженијата на пензионерите од Кочани, Берово, Радовиш и други градови од регионот, се организираат заеднички посети и излети, а во тек се подготовките за регионалната и Републичката спортска средба на пензионерите.

Во врска со овие подготовки, претседателот на Комисијата за спорт и рекреација **Благоја Тасев** додаде дека се формирани екипи во сите дисциплини, а најголеми успеси на регионалните натпревари во Пехчево се очекува во фрлање ѓуле, трчање и пикадо. Изненадувања се можни и во другите шест дисциплини. Тој се залага и за организирање екскурзии на отворен простор на Пониква, Голак и Малешевија, бидејќи на овој начин рекреацијата на пензионерите има повеќе користи и убавини.

**Милица Костадинова**, член на Собранието на СЗПМ од Виница се залага за уште подобра соработка со Сојузот, но



Младен Петров, претседател на ЗП Виница

и со Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за решавање на актуелните прашања од областа на пензиското и инвалидското осигурување, како и со здравствените организации за лекување на пензионерите и за снабдување на лекови од позитивната листа. Потребно е и пружање стручна и друга помош на пензионерите и трудовите инвалиди околу решавање на нивните проблеми и потреби од секојдневниот живот како што се одењето во пензија, висината на пензијата, бањско-климатското лекување, рекреирање и слично.

Учествувајќи во разговорот новата претседателка на Активот на жените пензионерки **Аника Ѓорѓиева**, освојувач на златна и сребрена медалја на Републичките пензионерски спортски натпревари, потсети дека секој четврток во попладневните часови во Клубот на пензионерите во Виница пензионерките се дружат, информираат, разонодуваат и договараат за нови активности. Нашата активност, вели таа, е многу значајна и добро прифатена од граѓаните во општината. По сите прашања имаме сериозен однос, а самиот назив на Активот "Наше време" значи и времето што го живееме во третата доба да го искористиме до максимум.

За да се остварува подинамична активност се настојува да се унапреди и догради организационата поставеност и работа на Здружението во кое делуваат ограноци во Блатец, Истибања, Јаќимово, Драгобраште, Градец и Виница. Во општинскиот центар е сконцентриран и најголем број пензионери, поради што се налага потребата од формирање на уште еден огранок.

Според претседателот на Здружението на пензионерите во Виница Младен Петров, треба да се реши и сопственоста на Пензионерскиот дом, а се чувствува и потреба од формирање фолклорна секција за подобра подготовка за престојната регионална фолклорна средба. Ќе продолжи и соработката со фолклорниот ансамбал "Китка" од Истибања во кој членуваат повеќе пензионерки и пензионери.

Од сето тоа се очекуваат нови резултати во активностите на пензионерите од ова здружение.

**Д. Аргировски**



Со успех на фолклорните ревии



Благоја Тасев



Аника Ѓорѓиева



Милица Костадинова

## ИЗБОР

Негрижа

# Околу 100.000 старци „изгубени" за државата

*Ниту една институција нема евиденција за лицата постари од 65 години што не оствариле право на пензија или на социјална помош*

Дедо Јован има 85 години и живее во летната кујна од куќата на два ката што сам ја изградил. Цел живот бил занаетчија, но нема право на пензија. Не може да добие социјална помош, бидејќи неговите синови живеат во истата куќа.

- Им ја препишав куќата на синовите и сега никаде нема место за мене. Немам пари за да си купам за јадење. Чекам на внуците скришно од другите да ми донесат нешто да каснам. Среќа во несреќа е тоа што ме држи здравјето, па и на овие години немам потреба од лекови - вели тој.

Дедо Јован побарал правен совет и му препорачале да ги тужи синовите за да се грижат за него. Но, тој од срам, нема намера да го направи тоа.

Тој е само еден од околу 100.000 лица постари од 65 години што статистички постојат, но се избришани од сите евиденции во државните институции. Тие не оствариле право на пензија, не примаат социјална помош и никој не знае дали сами шетаат по улици или некој се грижи за нив. За овој проблем информираа од Сојузот на пензионери, каде што велат дека државата ги заборавила овие лица.

- Покрај пензионерите, имаме околу 100.000 граѓани постари од 65 години оставени на милост и немилост. Тие не се наши членови, но се наши врсници, кои ги познаваме. Немаат ништо. Некои добиваат социјална помош. Други немаат ниту социјална помош. Баравме, но не можевме да добиеме податоци за нив, бидејќи државата нема евиденција. Никој не знае што се случува со нив - вели **Душко Шурбановски**, претседател на Сојузот на пензионери.

Во Сојузот на пензионери најавуваат дека ќе бараат законски измени со кои како и за децата ќе се воведе законска обврска да се грижат за родителите.

Ќе бараат да се скрати постапката во која Центрите за социјални работи даваат задолженија за децата да се грижат за родителите, за да не се влечат по судови.

Според последниот попис, бројката на луѓе постари од 65 години е повеќе од 200.000. Податоците на Фондот за пензиско осигурување за старосната структура на корисниците на пензија за минатата година покажуваат дека во оваа група од над 65 години има околу 100.000 лица.

Шурбановски најавува дека за овој проблем ќе ја информираат Владата. Тој вели дека тие како Сојуз не можат да ги опслужат ниту своите членови, а не да се грижат за овие лица што не се нивни членови.

- Статистички 10,5 проценти од населението е постаро од 65 години, односно тоа се над 200.000 лица. Пензионери на оваа возраст има само околу 100.000 лица. Ниедна државна институција не знае каде се другите 100.000. Надлежно да се грижи за нив е Министерството за труд, а од таму ги одбиваат и за социјална помош иако на нив тие пари нема да им стигнат ни за лекови. Има и такви што имале 14 години и 11 месеци стаж, а немаат право на пензија - вели претседателот на Сојузот на пензионери, Шурбановски.

Од Министерството за труд велат дека лицата постари од 65 години имаат право на социјална помош, но само ако ги исполнуваат условите, односно ако не остваруваат никакви приходи и ако членовите на нивните семејства се социјално загрозени.

- Немаме таква класификација за лица постари од 65 години што се корисници на право од социјална заштита. Сега се прават измени во законот за социјална заштита и ќе се интервенира во тие делови каде што има потреба за тоа, велат од ресорот.

**Дневник**

Презентиран третиот пензиски столб

# И невработените ќе добијат пензија!

Министерството за труд и социјална политика во соработка со Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување-МАПАС, го презентира концептот на доброволното капитално финансирано пензиско осигурување, таканаречениот Трет пензиски столб.

Како што истакна заменик-претседателот на Управниот комитет за Третиот столб и директор на МАПАС, **Зорица Апостолска** примарната цел на Третиот пензиски столб е давање можност за невработените лица за добивање пензија.

- Со Третиот пензиски столб ќе се обезбеди пензија за лицата кои не се опфатени со задолжителниот пензиски систем, како што се долгорочно невработените или лица кои се вработени во странски мисии, рече Апостолска. Можност за штедење со Третиот пензиски столб ќе имаат и лицата кои се веќе осигурени и се корисници на Првиот и Вториот пензиски столб, како и можности самите работодавци да формираат професионални пензиски фондови за своите вработени.

Третиот пензиски столб ќе го формираат акционерски друштва кои ќе управуваат со пензиските фондови и кои ќе треба да исполнат одредени законски услови за добивање лиценца за такво работење. Секое друштво за управување со пензиските фондови ќе може да основа по еден индивидуален фонд, во кој ќе вложуваат средства невработените лица над 18 години и по еден професионален фонд за фирмите, односно работодавците кои ќе уплатуваат ист придонес како процент од плати за сите работници и ќе ги вложуваат во овој фонд.

Како што нагласи Апостолска, средствата од пензиските фондови ќе ги чува деловна или комерцијална банка, која исто така ќе треба да исполни одредени законски услови.

Друштвата за своето работење ќе наплатуваат надоместоци кои допрва ќе бидат дефинирани со статусот на пензискиот фонд со кој управуваат, при што е можно и законско ограничување на максималните износи на надоместоците.

Повлекување на средствата од Третиот пензиски столб ќе биде дозволено десет години пред законската возраст за пензионирање, односно од возраст од 54 години за мажи и 52 години за жени. Исплатата на средствата може да биде месец за месец или еднократна исплата.Еднократна исплата е предвидена и во случај на инвалидност или смрт на лицето.

Како што најавуваат од Министерството за труд и социјална политика и МАПАС, Третиот пензиски столб ќе започне да се применува од јуни идната година.

**МИА**



**РАКИЈА**

Нејзиното величество ракичка
да ти биде голема фалбаџика
и вели, дами и господа
Јас сум вашата кралица веселница,
без мене не можете.
Јас сум семоќна.

Со мене свадби правите и слави
славите,
весели песни пеете, ора играте и
љубов водите.

Јас ве храбрам, сила ви давам,
душа ви отворам, јазик одврзувам,
крила ви давам,
та високо до небото ве вивнувам.

Затоа ве молам да ме почитувате,
во подрум да ме чувате,
со мене многу многу
да не мудрувате
и да не другарувате.

Зошто јас можам да ве скарам
и да ве фатам за гуша,
та семејно гнездо да ви срушам,
срам да ви нанесам.

Од сопругот или сопругата да ве
разделам,
од најмили чеда да ве одделам.

На земја да ве треснам,
со кал да ве замесам,
од живот да ве липам,
смртна казна да ви пишам.

**Вера Огненова, пензионерка од Штип**

# Физичка активност за здравје

*(По повод 10 мај - Светскиот ден за „Движење за здравје“)*

***Огромен број на луѓе на планетата функционираат под, честопати далеку под нивниот биолошки потенцијал за добро здравје, како резултат на недоволна физичка активност. Уште во 1994 година, Светската здравствена организација (СЗО) и Меѓународното здружение по спортска медицина (ФИМС) со заедничка изјава предупредија дека недоволната физичка активност и последиците од неа, како непотребни заболувања и прерани умирања, прераснаа во „светски феномен“ и дека е крајно време ерата на терапија да се замени со ера на превенција.***

Се проценува дека секоја година ширум светот има приближно 2 милиони умирања кои се припишуваат на физичка неактивност и дека ваквите лица се два пати по подложни на срцевосадови заболувања, почесто страдаат од анксиозност и депресија, мозочни удари, зголемен крвен притисок, шеќерна болест, остеопороза (губење на коскено ткиво), како и од карциноми на дебелото црево и белите дробови. Истовремено се потврдува и дека многу од болестите и слабостите кај старите луѓе повеќе се резултат на хроничната неактивност во текот на нивниот живот, отколку на стареењето само по себе.



Во организација на СЗПМ над една деценија се одржуваат регионални и републички пензионерски спортски натпревари

### Придобивки од физичката активност

Редовната физичка активност му помага на човекот со:

• намалување на ризикот од рано умирање од срцеви заболувања или удар, кои се одговорни за 1/3 од сите умирања;

• намалување на ризикот од развивање на срцеви заболувања или карцином на дебелото црево за над 50%;

• намалување на ризикот од добивање на шеќерна болест тип ИИ за 50%;

• превенирање/намалување на покачениот крвен притисок, кој зафаќа 1/5 од светската популација;

• превенирање/намалување на остеопорозата со изградување и одржување на здрави коски, мускули и зглобови, намалувајќи го ризикот од скршеници, особено на колкот за повеќе од 50% кај жените;

• намалување на ризикот од страдање од долно грбна болка, како и полесно справување со болестите поврзани со болка;

• регулирање на рамнотежата меѓу внесената и потрошената енергија и намалување на дебелината за 50%, во споредба со луѓето кои водат седечки начин на живот;

• подигање на телесната отпорност кон инфекции;

• превенција и контрола на ризично однесување, особено меѓу деца и млади, како пушење цигари, консумирање на алкохол и употреба на други супстанци, нездрава исхрана или насилство;

• намалување на стресот, анксиозноста и чувствата на депресија и осаменост;

• подигање на општата психофизичка кондиција во целост: подобрување на издржливоста, рамнотежата, снагата, координацијата, флексибилноста, менталното здравје, когнитивната функција, подигање на самодовербата и самопочитувањето;

• повозрасните физички активни лица го одржуваат својот социјален живот, создаваат нови пријателства и одржуваат добри релации со луѓе од сите возрасти;

• намалување на потребата од употреба на лекови, што има двоен ефект: од една страна, се намалуваат евентуалните последици од споредните ефекти на лековите, а од друга страна се намалуваат финансиските издатоци за нивното купување.

Од придобивките од редовната физичка активност може да се ужива дури и ако таа почне да се практикува и подоцна во животот. Значи, соодветната редовна физичка активност е потребна во сите возрасти. Таа му овозможува на човекот поуспешно да ги извршува секојдневните обврски без тешкотии и без поголем замор. Некои истржувања сугерираат дека практично сите лица, дури и оние со напреднати заболувања и тешки пореметувања можат да вежбаат и да имаат позитивни ефекти од редовното вежбање. Луѓето кои водат активен живот се чувствуваат подобро и функционираат подобро. Затоа е многу важно кај луѓето од сите возрасти, почнувајќи од децата и младите, но и кај најстарите лица, да се создаде навика за здрав, активен начин на живот. Притоа секогаш треба да се има на ум дека ризикот од соодветна физичка активност е минимален во споредба со повеќекратните позитивни ефекти од неа, што особено треба да им се објаснува на постарите лица. Резултатите од долгата истражувачка работа водат до заклучок дека физичката активност го продолжува човечкиот животен век, а животот го прави многу поквалитетен.

**Прим. Др. Руменка Калајџиска-Крпач**



Кај езерото Треска во Скопје

# Петгодишно дружење на пензионерки

На 19 мај повеќе пензионерки од активите на Здруженијата на пензионерите од Велес, Штип, Кичево, Гази Баба, Кратово, Тетово, Гевгелија и домакинките од Ѓорче Петров во взаемна соработка и разонода, со песна и игра, ја одбележаа петгодишнината од традиционалното дружење на пензионерките од повеќе градови во нашта земја.



Верица Мишкова

Отворајќи ја средбата за значењето на дружењето и соработката говореа **Даринка Коречевска,** претседателка на Активот на жените на Здружението на пензионерите од Ѓорче Петров и претседателката на Извршниот одбор **Мирослава Јефтиќ**, а средбата за отворена ја прогласи претседателката на Собраието на оваа пензионерска организација **Верица Мишкова**.

Песната и играта создадоа пријатна атмосфера.

Средбата беше искористена, вели Верица Мишкова и за размена на искуства од делувањето на пензионерките во сите области од животот,но и за обнова на старите и создавање нови пријателства.

**Д. А.**

ЗДРАВЈЕ

# Како да ја сочувате младоста на умот

*Незадоволни сте од резултатите на вашето помнење, сакате да ги зголемите вашите способности за учење на нови нешта, да ја подобрите концентрацијата, апстрактно да размислувате, лесно да научите некој странски јазик, со еден збор сакате да ја сочувате младоста на вашиот ум! Прочитајте го овој текст.*

Водечки научници на полето на неврологијата предупредуваат на опасноста од стареење на мозокот. Ако не внимавате на исхраната, јадете брза и масна храна, не се рекреирате, не се движите туку насекаде користите автобус или кола, ретко читате книги, постојано гледате ТВ или филмови на ДВД, полека но сигурно ја губите мозочната кондиција, односно вашиот мозок побрзо стареe. Факт е дека многу многу тешко може да се корегира и подмлади умот, но сепак постои начин и можност. Се е во ваши раце, се зависи од вас самите.

Значи, добра вест е дека стареењето на мозокот може да се успори, но и веќе остарените клетки можат да се подмладат. Резултатите за да бидат добри пред се треба да внимавате на животниот стил и мозочниот тренинг.

Што всушност се сучува? Ова најдобро и најсликовито го објаснил Џејмс Џозеф, директорот на центарот против стереење на човечкиот организам на универзитетот "Тафт" во Бостон, кој вели дека неуроните на мозокот ако не се внимава, се однесуваат како некои стари брачни двојки и престануваат да комуницираат меѓу себе, како што правеле порано. Сите функции што го држат мозокот во пасивна состојба ги оштетуваат неуроните.

Еве неколку совети како да ја подобрите кондицијата на вашиот ум:

• што повеќе читајте. Читањето ќе ви го разубави денот и ќе ви помогне да ви стане денот поподнослив, ако ве измачуваат проблеми. Добиените информации го држат вашиот ум во кондиција на помнење. Научниците утврдиле дека читањето на глас го вклучува мозокот да функционира како прекинувач. За најдобри резултати читањето треба да биде брзо и јасно. Ако тоа се комбинира со сметачки операции (не користете постојано дигитрон) тогаш резултатите за подобра меморија се уште подобри.

• Истражувања направени во САД утврдиле дека друштвените игри влијаат на виталноста на мозокот. Приматот го има се разбира, шахот.

• Многу добри за вежбање на мозокот и збогатување на фондот на зборови се кртозборите.

• Храната помага за бистар ум и против стареење на мозокот. Полифенилите во грозјето и гроздовиот сок се супер оксиданси кои не дозволуваат деградација на мозочните клетки. Истите ги има и во црвеното вино, но тоа се препорачува на повозрасните и само една чаша. Антоцининот кој го има во боровинките, рибизлите, јагодите, сливите и вишните исто така го поттикнува работењето на клетките на мозокот и го подобрува квалитетот на помнењето. Стимуланси за подобра меморија се масните киселини омега 3, 6 и 9, како и витаминот Е и Б витамините, а посебно Б12.

• Промената во рутината на дневните активности како миење заби со лева место со десна рака, одење до училиште или работа по друга патека, исто така е начин да се вежба мозокот.

• Пешачењето е активност која ја поттикнува циркулацијата на крвта во мозокот. Доволни се само дваесетина минути дневно за да се намали ризикот од нарушување на помнењето и концентрацијата.

Значи вежбајте го мозокот со решавање крстозбори, читање, јадење здрава храна, промена на дневната рутина и пешачење. Така ќе бидете задоволни од постигнатите резултати и квалитетот на вашиата меморија и концентрација.

**К.С.Андонова**

Пробиштип

# Градоначалникот меѓу пензионерите

Членовите на Здружениетона пензионерите од Пробиштип, преку директорите на Јавните претпријатија и градоначалникот на општината секогаш, за сите проблеми и активности што ги интересираат, навреме се информирани.

Неодамна во Домот на пензионерите престојуваше градоначалникот на општината **Душко Јовановски**, кој пред голем број на заинтересирани пензионери, во една пријатна и релаксирана атмосфера, направи пресек на активностите кои во изминатите месеци од годината ги презела Локалната самоуправа. Најнапред, градоначалникот Јовановски се наврати на проектите финансирани од странски донации, а се однесуваат на комунално уредување на некои рурални средини. Целта е поттикнување и развој на селскиот туризам, како гранка за која во општината постојат солидни услови. Во моментов, истакна градоначалникот, се работи на реализација на проектот за уредување на делови од селото Лесново каде е сместен еден од најатрактивните манастири "Св. Гаврил Лесновски". Ќе се работи најмногу на уредување на патеките до пештерите кои се во непосредна близина на манастирот. Дел од нив се живописни и доста интересни за посетителите, а се претпоставува дека во една од пештерите живеел Свети Гаврил.





Градоначалникот Јовановски ја презентираше и економската состојба на општината, работата на рудниците Индоминерали и метали "Злетово", во кој се вработени моментално над 400 работници, потоа за фабриката за акумулатори, рудникот за неметали "Стромош" со новиот објект за стаклена вода "Зеолит" како и за конфекциите што ги има над 10 на број и вработуваат добар дел од женската популација, меѓутоа нивниот статус е речиси загрижувачки од причини што не се знае работното време, се работи за минимална плата, а згора на тоа најголем дел работат на "диво".

Пензионерите поставија бројни прашања, токму од областа на вработувањето, за статусот на конфекционерките, за некои комунални проблеми: осветлување на улиците, за шахтите што се во изградба и за чија цена доста се реагира во градот. Имаше прашања и од областа на образованието кое е во надлежност на локалната самоуправа и девијантните појави меѓу учениците, на кои не е имуна ниту оваа општина, и покрај тоа што не се во некоја загрижувачка фаза.

Градоначалникот Јовановски се потруди да даде исцрпни одговори, а во врска со девијантните состојби во образованието веднаш беше закажана средба на родителите, со директорите, претставници од Центарот за социјални работи, педагошко-психолошките служби во училиштата и од Одделението за внатрешни работи. Што значи средбата ги даде и првите резултати.

На крајот, градоначалникот изрази подготвеност секогаш на повик од Извршниот одбор или претседателот на Здружението да биде гостин во Домот на пензионерите и да ја запознае оваа категорија граѓани за сите суштествени проблеми и активности за кои тие се заинтересирани.

**М. Здравковска**